09 - 541/8
26 -05- 2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК), на 68 - та седница одржана на ден 20.05.2022 година, донесе

## О Д Л У К А

Постапката за утврдување на прекршување на ограничувањата предвидени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси заведена под бр. 09-7038/1 од 16.12.2021 година, оформена по доставена пријава од непознат подносител против лицето -------, директор на Јавна установа за ---------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на одредбите од ЗСКСИ, по што ќе биде доставена Иницијатива за утврдување на одговорност на лицето ----------, директор на Јавна установа за ---------- до надлежен орган.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-7038/1 од 16.12.2021 година е оформен врз основа на пријава доставена од непознат подносител, со наводи дека лицето --------- извршува повеќе функции и тоа: член на Совет на општина ---------, директор на Јавна установа ------------ и член на Управен одбор на ЈП -----------.

ДКСК направи увид во податоците од службената евиденција, како и после прибавена документација, утврди дека наведеното лице, покрај тоа што ја извршува функцијата директор на Јавната установа за ------------ во исто време е член на Советот на општина ----------. Оваа констатирана состојба е спротивна на член 44 став 2 и став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Имено, службеното лице како избрано лице на непосредни локални избори не можете истовремено да вршите и функција на одговорно лице во јавна установа која располага со државен капитал.

Со оглед на наведеното, ДКСК констатираше дека од страна на лицето --------, директор на Јавна установа за -------- е сторен прекршок по што до него беше доставено

Известување со бр. 09-541/4 од 24.03.2022 година и согласно Законот за прекршоци Записник за констатиран прекршок со бр.09-541/5 од 24.03.2022 година и Прекршочен платен налог со бр. 09-541/6 од 24.03.2022 година.

Дополнително, ДКСК укажа на лицето ------------ дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на наведеното известување да ја отстрани констатираната состојба, постапувајќи на еден од следните начини:

1. Да се откажете од извршување на функцијата член на Советот на општина --------- или
2. Да се откажете од извршување на функцијата директор на Јавната установа за ---------.

Лицето ----------, достави до ДКСК налог за извршена уплата на глоба во законски предвидениот рок, но не ја извести ДКСК за негово постапување по доставеното Известување со бр. 09-541/4 од 24.03.2022 година за што ДКСК направи увид во Тековната состојба на Јавната установа за ---------- и утврди дека лицето ---------- сеуште ја извршува функцијата директор на оваа установа. Од друга страна ДКСК утврди дека лицето не се откажало ни од извршување на функцијата член на Советот на општина ------------.

За таа цел, ДКСК на 68 - та седница одлучи дека согласно член 17 точка 4 од ЗСКСИ да достави Иницијатива за утврдување на одговорност на лицето -----------, директор на Јавна установа за ----------, до Министерството за труд и социјална политика како надлежен орган кој извршил избор на ова лице поради непостапување од негова страна по барање на ДКСК. После доставата на иницијативата за утврдување на одговорност против лицето --------- до надлежен орган, ДКСК ќе ја запре постапката по предметот со бр. 09-7038/1 од 16.12.2021 година поради што нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: К.З, раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК